## *Програма за работа, план на активности и главни цели на Инстиутот*

**Мисија:**

Главната цел и мисија на Институтот на сметководители и овластени сметководители е подобрување на условите во кои работат сметководителите, стремејќи се кон постигнување на повисоко ниво на самата професија, нудејќи помош и соодветни развојни алатки за прогрес на своето членство.

**Цели:**

-Зацврстување на позицијата и влијанието на Институтот како институција, преку лобирање и соодветно застапување;

-Зацврстување на членството преку објективна и правична конкуренција, овозможувајќи и соодветна едукација и доусовршување;

-Организирање семинари, симпозиуми и конгреси од страна на Институтот за доедукација и надоградба на знаењата;

-Воспоставување партнерства со ораганизации во земјата, соседството, како и меѓународно, за да се прошират услугите и видиците кои ги имаат нашите членови;

-Држење чекор со новитетите и иновациите кои служат како технички алатки во професијата.

**Стратегија:**

- Истражување на пазарот за да се увидат потребите на сегашните и идни потенцијални членови;

-Развивање на план за афирмација на Институтот, зацвртување на положбата на самата Институција во општеството;

-Инвестирање во технологија и ресурси со цел обезбедување висококвалитена програма за полагање испити од сметководствената област;

-Бесплатна едукација на членовите, преку соработка со професионални организации, одржувајќи заеднички симпозиуми и конгреси, нудејќи можност и за вмрежување на членовите во државни, но и интернационални организации;

- Создавање на здрава и модерна и технолошки иновативна средина за развој на сметководствените алатки во рамки на сметководствената професија.

Акционен план за:

- ✓ Зајакнување на репутацијата на Институтот како лидер во делот на сметководствената професија, фокусирајќи се на зголемување на бројот на конференции и конгреси за подобрување на работата;

- ✓ Зголемување на отчетноста на Институтот и неговите претставници, преку редовни проценки на работата;

- ✓ Ефикасни дисциплински мерки во случај на нарушен квалитетот на реализација на нашите услуги;

- ✓ Превод на Меѓународни стандарди, со кои ќе се постигне намалување на меѓународните разлики во работата на професионалниот сметководствен кадар во рамки на нашата држава;

- ✓ Иницирање процес за аплицирање за членство во Меѓународната федерација на сметководители IFAC, преку менторство од земја членка на ИФАК од ЕУ;

- ✓ Ревизија на работењето на Институтот и воспоставување на двонасочна врска помеѓу Институтот и членството, со цел, усовршување на квалитетот на работата на двете страни, подеднакво;

- ✓ Организација на Балкански форум на организации од сферата на сметководството и ревизија, резултатите и заклучоците потоа, со цел размена на искуства во имплементацијата на сметководствените директиви на ЕУ во регионот;

- ✓ Иницирање процес за членство во АССА- паралелено со изготвување на програмата за полагање испит,со цел испитите во МК да бидат усогласени со испитите на АССА;

- ✓ Зајакнување на соработката со универзитетите со цел зголемување на практикантството и афирмација на сметководствената професија воопшто.

- ✓ Изготвување програма за полагање испити за стекнување статус сметководител/овластен сметководител;

- ✓ Надградба на веќе постоечка технологија, и планирање на нова технолошка мрежа за да се подобри комуникацијата и соработката меѓу членовите;

- ✓ Оценување на досегашните активности и анализа на реализираните проекти, донесувајќи заклучоци кои што би биле база и основа за нови начини во работењето.

*Промената кон која се стремиме, прво треба сами кај себе да ја направиме! Менувањето кон подобро треба да биде столб, постулат од кој треба да тргнеме во остварување на сите наши цели во животот!*

**Ели Папазова.**